РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
Бр Nr 01-162/1
10-02-2023
СКОПЈЕ - SHKUP

# ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА КОМИСИЈАТА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА, 2023 ГОДИНА

**Комисијата за спречување и заштита од дискриминација се стреми да биде двигател на позитивни промени за суштествена еднаквост, промоција на човекови права и отстранување на сите видови дискриминација, која ужива голема доверба кај граѓаните.**

---

**Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ќе делува како независно, професионално, ефективно и ефикасно, проактивно, транспарентно и достапно тело кое одговара на потребите на граѓаните за заштита и промоција на нивните права**

---

Стратешкиот план на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација 2021-2026 ги содржи стратешките приоритети и цели кон кои ќе биде насочена работата на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација. Во Стратешкиот план се утврдени и мерките преку кои ќе бидат остварени утврдените цели, како истите ќе се дефинираат и постигнат и кои ќе бидат индикаторите за постигнатите планирани цели.

За својата работа и постигнатите цели, Комисијата изготвува Годишен извештај за својата работа, кој јавно го објавува, а истиот согласно законски утврдена обврска го доставува на разгледување до Собранието на Република Северна Македонија.

Комисијата, согласно Законот за спречување и заштита од дискриминација, покрај постапувањето по доставени претставки има и проактивна улога за подигање на свеста за заштита од дискриминација и промовирање на човековите права.

Комисијата својата работа ја остварува преку членовите кои се избрани лица, како и преку Стручната служба која претставува стручна поддршка во нивната работа и која овозможува реализација на утврдените цели.

Согласно Законот за спречување и заштита од дискриминација, Стратешкиот план и стратешките цели, како и утврдените активности за реализација на стратешките цели, Комисијата ја донесе следната Програма за работа за 2023 година:

| СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 1: Зајакнати интерни капацитети на КСЗД | | |
|---|---|---|
| *Предвидени мерки:* | *Појдовна основа:* | *Очекувани резултати:* |
| • Формирање аналитичко одделение за спроведување на истражувања и анализи на податоци кои се релевантни за работата на Комисијата, а кои ќе овозможат увид во состојбите со дискриминација и пошироко знаење и ќе придонесат за поквалитетна работа | • КСЗД нема формирано аналитичко одделение | • Изменет Акт за внатрешна систематизација на КСЗД<br>• Формирано функционално аналитичко одделение |
| • Континуирано учење и надградување на капацитетите на членовите на КСЗД и вработените во стручната служба | • КСЗД нема усвоен план за надоградување на капацитетите на членовите на КСЗД и вработените во стручната служба | • Усвојување на план за активности за јакнење на капацитетите на членовите на КСЗД и вработените во стручната служба<br>• Капацитетите на членовите на КСЗД и вработените во стручната служба се надградени и надградувањето се одвива во континуитет |

| | | |
|---|---|---|
| • Учество на најмалку 5 обуки за јакнење на капацитетите на членовите на КСЗД и вработените во стручната служба за превенција и заштита од дискриминација | • Членовите на КСЗД и вработените во стручната служба во 2022 година учествуваа во низа обуки за јакнење на капацитетите за превенција и заштита од дискриминација. | • Членовите на КСЗД и најмалку 10 вработени од стручната служба се со зајакнати капацитети за преземање активности и мерки за превенција и заштита од дискриминација. |
| • Континуирана соработка со домашни и меѓународни експерти | • Донесен внатрешен акт за соработка со експерти и формирање на советодавни тела | • Објавен е јавен повик за пријавување на експерти за учество во советодавните тела<br>• Формирано најмалку 1 советодавно тело. |
| Временска рамка:<br>Континуирано во 2023 | | Финансиски средства:<br>- Буџет<br>- Средства на донатори |

| СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 2: Признаено национално тело за заштита од дискриминација | | |
|---|---|---|
| *Предвидени мерки:* | *Појдовна основа:* | *Очекувани резултати:* |
| • Соработка со Народниот правобранител и иницирање на потпишување на Меморандум за стратешка соработка. | • КСЗД во 2022 изготви нацрт меморандум за стратешка соработка со Народниот Правобранител | • Потпишан Меморандум за стратешка соработка помеѓу КСЗД и Народниот Правобранител<br>• Одржани се најмалку 4 |

| | | |
|---|---|---|
| | | координативни состаноци за координација и мониторинг на спроведувањето на активностите од Меморандум за стратешка соработка.<br>• Реализирани се најмалку 2 заеднички активности за превенција и заштита од дискриминација. |
| • Соработка на локално ниво | • КСЗД нема системска соработка со единиците на локалната самоуправа, како и останатите тела, органи и институции кои работат на локално ниво | • Остварена соработка со активни локални тела координативни тела за заштита од дискриминација<br>• Остварена соработка со локални економско-социјални совети<br>• Остварена соработка со најмалку 2 општински комисии за еднакви можности |

| | | |
|---|---|---|
| • Соработка со Постојаната анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓаните и Комисијата за еднакви можности на жените и мажите при Собранието на РС Македонија | • КСЗД има остварено неколку средби со именуваните собраниски комисии, но нема воспоставено системска соработка | • Активна соработка и најмалку 1 заедничка иницијатива со Постојаната анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓаните и/или Комисијата за еднакви можности на жените и мажите при Собранието на РС Македонија |
| • Учество во изработка на закони и политики | • Во 2022 КСЗД беше вклучена во експертска консултација на Законот за родова еднаквост и во работната група за Законот за спречување и заштита од вознемирување на работно место. | • Учество во најмалку 2 работни групи за изработка, измена и дополнување на закони.<br>• Учество во креирање на најмалку 2 подзаконски правни акти, стратегии и/или политики |
| • Усогласување на законите кои содржат одредби за спречување и заштита од дискриминација, а треба да се усогласат со ЗСЗД. | • КСЗД во рамките на дејствувањето на НКТ има мапирано закони чии одредби треба да се усогласат со КСЗД | • Најмалку 1 од мапираните закони е целосно усогласен со одредбите на ЗСЗД |

| СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 3: Системско отстранување на дискриминацијата | | |
|---|---|---|
| *Предвидени мерки:* | *Појдовна основа:* | *Очекувани резултати:* |
| • Конзистентно и еволутивно носење на мислења и општи препораки од страна на КСЗД | • КСЗД во 2022 донесе 134 мислења<br>• КСЗД во 2022 донесе 2општи препораки | • Зголемување на бројот на донесени мислења на КСЗД за најмалку 15% во споредба со 2022<br>• Зголемување на бројот на донесени општи препораки за најмалку 50% во споредба со 2022 |
| • Поведување на најмалку една судска постапка за заштита од дискриминација од јавен интерес (action popularis) | • КСЗД досега нема поведено судска постапка за заштита од дискриминација од јавен интерес (action popularis) | • Поведена е најмалку една судска постапка за заштита од дискриминација од јавен интерес (action popularis) |
| • Поведување на постапки по службена должност. | • КСЗД во 2022 година поведе 8 постапки по службена должност | • Зголемување на бројот на постапки по службена должност за 25% |

| | | |
|---|---|---|
| • Учество во судски постапки како пријател на судот (amicus curiae) и вмешувач | • КСЗД досега има поднесено 2 поднесоци за вклучување во судска постапка како пријател на судот и 2 поднесоци за вклучување во судска постапка како вмешувач | • Поднесени се најмалку 3 поднесоци за вклучување во судски постапки како пријател на судот (amicus curiae) и/или вмешувач. |
| • Изработка на анализи и истражувања за структурни нееднаквости | • КСЗД нема изработено анализи за структурни нееднаквости | • Изработка на барометар за еднакви можности<br>• Изработка на истражување за дискриминација врз основа на политичко уверување во јавниот сектор. |
| • Учество во работата на Националното координативно тело за следење на состојбите со недискриминација и реализацијата на законите, подзаконските акти и стратешки документи во оваа област | • КСЗД учествуваше на конститутивната седница на Националното координативно тело за следење на состојбите со недискриминација и реализацијата на законите, подзаконските акти и стратешки документи во оваа област | • Активно учество во работата и седниците на Националното координативно тело за следење на состојбите со недискриминација и реализацијата на законите, подзаконските акти и стратешки документи во оваа област. |
| Временска рамка на реализација: | | Извори на финансирање: |
| Во текот на целата 2023 година | | Буџет на РСМ<br>Средства од донатори |

| СТРАТЕШКА ЦЕЛ 4: Зголемена јавна свест во однос на начините на превенција и заштита од дискриминација | | |
|---|---|---|
| *Предвидени мерки:* | *Појдовна основа:* | *Очекувани резултати:* |
| • Средби со маргинализирани групи на граѓани и отворени денови во рурални средини | • КСЗД во 2022 организираше 6 отворени денови во повеќе градови во земјата | • Одржани се најмалку 4 отворени денови со граѓани од рурални средини<br>• Одржани се најмалку 4 средби со различни маргинализирани групи на граѓани |
| • Редовни соопштенија за медиуми и на социјални медиуми и објавување на информации за состојбата со дискриминација. | • КСЗД ги споделува своите мислења, наоди и препораки и се обраќа до јавноста преку кој било медиуми. | • Граѓаните се запознаени со работата на КСЗД<br>• Зголемена видливост на активностите на Комисијата |
| • Изработка на информативни и едукативни кампањи за спречување и заштита од дискриминација | • КСЗД во 2022 спроведе една информативна кампања за поднесување на претставка до КСЗД, една информативна кампања за запознавање на членовите на КСЗД и една информативна кампања за начинот на работењето на КСЗД по поднесените претставки | • Спроведени се најмалку 2 информативни кампањи на социјалните мрежи.<br>• Изработени се најмалку 4 информативни видеа.<br>• Со спроведените кампањи опфатени се најмалку 5.000 граѓани |

| | | |
|---|---|---|
| • Објавување на прирачник за превенција и заштита од дискриминација со примери на дискриминација за лесно препознавање од страна на граѓаните | • КСЗД досега нема изготвено прирачник за превенција и заштита од дискриминација | • Објавен прирачник за превенција и заштита од дискриминација |
| • Изработка и усвојување на Стратегија за комуникација и видливост | • КСЗД во 2022 година изработи нацрт Стратегија за комуникација и видливост. Истата треба да се надополни и усвои. | • Изработена и усвоена Стратегија за комуникација и видливост.<br>• Стратегијата за комуникација и видливост е објавена на веб страната на КСЗД |
| • Изработка на Стратегија за социјални медиуми | • КСЗД нема Стратегија за социјални медиуми | • Изработена и усвоена Стратегија за социјални медиуми<br>• Стратегијата за социјални медиуми е објавена на веб страната на КСЗД |
| • Подготовка и објавување на 4 квартални извештаи за случаи на дискриминација | • КСЗД во 2022 подготви и објави еден квартален извештај | • Подготвени и објавени се 4 квартални извештаи за случаи на дискриминација.<br>• Кварталните извештаи се преземени и објавени од најмалку 5 електронски медиуми. |

| | | |
|---|---|---|
| • Подготовка, промоција и објавување на годишен извештај за 2022 година | • КСЗД во 2022 година го подготви, промовираше и објави годишниот извештај за 2021 | • Подготвен и објавен годишен извештај на КСЗД за 2022<br>• Најмалку 10 медиуми известиле за годишниот извештај на КСЗД за 2022 |
| • Стратешките документи на КСЗД да се достапни на различни јазици кои се користат на територија на РСМ, согласно Законот за употреба на јазиците | • Дел од стратешките документи на КСЗД се достапни на албански и англиски јазик | • Сите стратешки документи на КСЗД се достапни на различни јазици кои се користат на територија на РСМ, согласно Законот за употреба на јазиците |
| • Соодветно приспособување на просториите и веб страната на КСЗД за лица со физичка и сензорна попреченост. | • Веб страната на КСЗД е приспособена за лица со оштетен вид.<br>• КСЗД има еден пристапен тоалет. | • Целосно пристапна и приспособена инфраструктура на КСЗД, што овозможува лицата со попреченост да имаат пристап на еднаква основа со другите, до сите простории во физичкото опкружување на КСЗД, како и во пристапот до информациите и комуникацијата со КСЗД. |
| Временска рамка и реализација:<br>Континуирано во 2023 година | | Финансиски средства:<br>Буџет<br>Средства на донатори. |

| СТРАТЕШКА ЦЕЛ 5: КСЗД остварува значајна улога и соработка на интернационално ниво и иницира ефикасно поврзување и размена на позитивни практики | | |
|---|---|---|
| *Предвидени мерки:* | *Појдовна основа:* | *Очекувани резултати:* |
| • Учество на Седмата регионална конференција на тела за еднаквост од Југоисточна Европа | • КСЗД во 2022 беше коорганизатор на Шестата регионална конференција на тела за еднаквост од Југоисточна Европа | • Најмалку двајца претставници на КСЗД присуствуваат на Седмата регионална конференција на тела за еднаквост од Југоисточна Европа<br>• Размена на искуства и позитивни практики со учесниците на конференцијата.<br>• Договарање на најмалку 1 заедничка активност на регионално ниво со телата за еднаквост од регионот. |
| • Организирање најмалку 2 студиски посети во телата за еднаквост од регионот | • КСЗД има воспоставено соработка со телата за еднаквост од регионот, преку размена на | • Членовите на КСЗД и најмалку 6 вработени од стручната служба учествуваат во |

| | | |
|---|---|---|
| | искуства и практики на регионалните конференции на телата за еднаквост од регионот. | студиските посети во најмалку 2 тела за еднаквост од регионот. |
| • Следење на спроведувањето на меѓународните препораки во областа на заштита од дискриминација | • КСЗД даде свој придонес кон изработката на Четвртиот периодичен извештај на државата кон Меѓународниот пакт за граѓански и политички права и придонес кон изработка на комбинираниот Единаесетти до четиринаесетти периодичен извештај на државата кон Конвенцијата за елиминирање на сите форми на расна дискриминација на ООН. Воедно, КСЗД даде свој придонес кон изработка на извештајот за напредокот на РС Македонија на Европската Комисијата за 2021. | • Најмалку 5 остварени средби со релевантни државни органи за следење на меѓународните препораки во областа на заштита од дискриминација. |

| | | |
|---|---|---|
| • Усогласување на националното законодавство, прописи и практики со меѓународните и регионалните инструменти за заштита на човековите права | • КСЗД даде свој придонес кон изработка на Директивата за задолжителни стандарди на телата за еднаквост на Европската Комисија. | • Најмалку 2 поднесени иницијативи за усогласување националното законодавство, прописи и практики со меѓународните и регионалните инструменти за заштита на човековите права. |
| • Изготвување на извештаи што државата е должна да ги поднесува до меѓународните и регионалните тела за човекови права | • КСЗД даде свој придонес кон изработката на Четвртиот периодичен извештај на државата кон Меѓународниот пакт за граѓански и политички права и придонес кон изработка на комбинираниот Единаесетти до четиринаесетти периодичен извештај на државата кон Конвенцијата за елиминирање на сите форми на расна дискриминација на ООН. Воедно, КСЗД даде свој придонес кон изработка на извештајот за | • Учество во изработка на најмалку 2 извештаи што државата е должна да ги поднесува до меѓународните и регионалните тела за човекови права |

| | | |
|---|---|---|
| | напредокот на РС Македонија на Европската Комисијата за 2021 | |
| Временска рамка на реализација: | | Извори на финансирање: |
| Во текот на целата 2023 година | | - Буџет на РСМ<br>- Донаторски средства |